СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Третото продолжение на Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 септември 1996 година

Скопје, септември 1996 година

**III ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 53-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 26.09.1996 г.**


| | |
|---|---|
| 1. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - стр.2, 3, 4, 34 | т.4-стр.1 |
| 2. ЖУТА БЕЌИР - 4 | т.5-стр.15 |
| 5. ИЛИЈЕВСКИ МИТКО - 51 | т.6-на крај на седница |
| 4. КАРОВ ИЛИЈА - 22, 24, 47, 49 | т.7-стр.17 |
| 5. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА - 12 | т.8-стр.18 |
| 6. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 1, 2, 4 | т.9-стр.20 |
| 7. ПОПОВАКИ НИКОЛА - 8, 10 | т.10-стр.21 |
| 8. ПОПОВСКИ ВЛАДО - 16 | т.11-стр.26 |
| 9. ПАРАКЕОВ НИКОЛА - 25, 54, 56 | т.12-стр.27 |
| 10. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 39, 41 | т.13-стр.57 |
| 11. ТРАЈАНОВСКИ ПЕТРЕ - 27, 33 | т.14-стр.57 |
| 12. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 41 | т.6-стр.58 |


крај на седницата

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Третото продолжение на Педесет и третата сед- ница на Собранието** на Република Македонија, одр- жана на 26 септември 1996 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала I, со почеток во 11,45 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам за информација колку пратеници се присутни во салата.

Имаме доволен број, продолжуваме со работа по Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Илинка Митрева, Игнатие Богдановски, Атанас Вангелов, Драгољуб Поповиќ, Кенан Хасипи, Љупчо Беличев и Симон Наумовски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Преминуваме на 4-та точка од дневниот ред - Предлог за .донесување на закон за ратификација на Договорот за реорганизација на долговите меѓу Владата на Република Македонија и Австриската контролна банка АГ Виена, која дејствува како агент на Република Австрија во согласност со изменетата верзија на Законот за гаранции за извоз од 1981 година, со Предлог на закон.

Новиот текст за Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието се поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници.

Излегов на говорница да кажам неколку збора не толку важно за усвојувањето на овој закон колку би сакал повеќе да знам малку повеќе во врска со тоа како течат работите на сукцесијата. Ова го поставувам од причина што ние, еве неколку години само донесуваме закони преку кои на разни начини државата презема обврски за враќање на одредена сума на кредити, меѓутоа, незнам и немаме никаква информација до каде е работата за сукцесијата. Оттаму сметам дека пред да го изгласаме овој закон мислам дека треба да ни се даде информација по однос на ова прашање, бидејќи така ќе бидеме во подобра состојба да одлучуваме. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот за реорганизација на долговите меѓу Владата на Република Македонија и Австриската контролна банка АГ Виена која дејствува како агент на Република Австрија во согласност со изменетата верзија на Законот за гаранции од 1981 година.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (69 пратеници) .

Дали има некој против? (1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Господинот Ајдарага процедурално.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Јас мислам дека воопшто не е фер, не предложив нешто што би било така тешко, сепак мислам и ценам дека претседателот требаше да направи таков напор да ни се даде барем мал одговор, се работине се работи, а не само едноставно да се поминува. Мислам тогаш што е институцијата зошто настапуваме на говорницата. Во никој случај оваа постапка не е во ред. Незнам господине претседателе како вака постапувате. Се помина на гласање, што е тогаш целта?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ќе ви кажам. Бидејќи не знаете, јас ќе ви кажам. Вие побаравте претставник на Владата да каже нешто за сукцесијата. Јас прашав дали уште некој бара збор. Претставниците на Владата се тука. Претседателот не е овластен да ви даде одговор на ова прашање. Ако вие го поставивте вашиот предлог на гласање, јас морав да го ставам предлогот на гласање. Вие тоа не го побаравте.

Има збор господинот Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Јас мислам работата е во водењето на седницата. Сепак мислам дека треба да се даде еден мал одговор, нека се каже, овде се работи за работа која е врзана за сукцесијата. Станува збор за договор кој е потпишан уште во 1981 година. Мислам дека треба да ни се даде нешто. Дали треба тајно да се чува?'Зошто сме ние тогаш пратениците, тогаш да не сме воопшто. Јас воопшто не можам да разберам каков е овој

однос било од претседателот, било од членовите на Владата. Мислам дека треба да се каже, тогаш не треба да постоиме, да не бидеме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Ајдарага вие добро знаете што предвидува Деловникот. Ние водиме расправа по оваа точка и јас кажав како се вика точката. Вие можете да учествувате во расправа по оваа точка, а за ова што барате сега или можете да го поставите да барате од Владата да ви достави информација и да го поставите во вид на пратеничко прашање. Тоа е надвор од точката што е на дневен ред. Тоа е тоа.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Јас кажав, не знам дали претседателот слушна не е воопшто надвор од точката од дневниот ред. Се работи за работи кога бевме заедно со поранешна Југославија. Репрограмираше на долгови добиени уште од порано. Затоа не е надвор од точката од дневниот ред, туку е врзано со точката. Не знам како може така да се каже дека не е врзано. Врзано е.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Беќир Жута, потпретседател на Владата.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, прашањето на сукцесијата и прашањето на репрограмирањето на долговите се две прашања. Прашањето на сукцесијата е отворено уште со распаѓањето на поранешна Југославија, формирана е Комисија како што ви е познато, која го следи тој проблем. Исто така во рамките на конференцијата за расчистување на проблемите на поранешна Југославија во која спаѓа и

проблематиката на сукцесијата постои Комисија која е надлежна да ја третира проблематиката на сукцесијата и која од ден на ден се доближува до некоја стварност, меѓутоа, се уште дефинитивни решенија и одлуки во врска со правата кои Република Македонија по тој основ треба да ги остварува не се на повидок во смисла на конкретни акти, а како правци за размислување, дали ви е познато оти при Владата, односно Министерството за надворешни работи на Република Македонија е формирано тело кое има свој шеф, има за членови експерти на тоа тело кои на состаноците кои се организираат во Женева на таа тема учествуваат и ги бранат интересите во тој поглед на Република Македонија и интересите на Република Македонија се совпаѓаат со интересите на Република Словенија, Хрватска и Босна и Херцеговина кои во принцип бараат тој имот да се дели според одредени критериуми кои од таа Комисија се договорени кои треба да се респектираат при распределбата на тој имот за разлика до Сојузна Република Југославија, која смета дека во поглед на имотот од поранешна Југославија треба да биде следбеник и во тоа е суштината на проблемот и судирот.

Во последно време и последната средба која беше во Женева на оваа тема во која учествуваа и претставниците, односно групата која е формирана во Министерството за надворешни работи на таа тема се ислушуваат проблемите во правец на она што е поопипливо да може да се донесат конкретни одлуки побрзо, а тоа е што се однесува до девизните резерви на Народната банка на Југославија кои се лоцирани во одредени банки во светот и кои се познати големини треба, според тие критериуми, да се делат помеѓу шесте поранешни република на поранешна Југославија.

Второ, конзуларните претставништва кои во дел претставуваат заеднички имот цениме дека не се спорни и дека треба конкретна одлука и за тој дел на имотот да падне, додека за другите прашања доколку има спорни прашања да продолжи процесот на договарањето и преговарањето понатаму.

За разлика од процесот на сукцесијата која тече во оваа смисла мислам дека е договорена политиката и во Владата и во овој Парламент дека стануваме членка на Меѓународниот монетарен фонд, стануваме членка на Светската банка за обнова и развој, едни од основните услови беа да ги преземеме обврските затечени кои и припаѓаат на Република Македонија и тука важи принципот оние обврски кои се крајни корисници стопанските субјекти на Република Македонија не се спорни и ги презема Република Македонија како свои и го регулираат тоа прашање.

Оние кредити кои имаат краен субјект, не се лоцирани или како што ги викаме неалоцираниот дел на долгот на поранешна Југославија според учеството во монетарниот фонд на секоја од републиките се презема тој дел со тоа што останува со сукцесијата да се дефинира дефинитивно на крајот тој дел од капиталот. Нашето учество во тој поглед знаете дека е 5,4.

Трето,основниот курс беше со преземањето на кредитите да се преземат мерки за нивно репрограмирање и знаете оти тој процес трае некаде во средината на 1995 година се одржа седницата на Парискиот клуб каде се постигна договор за рефинансирање на долговите на Република Македонија виза ви тој клуб и на база тие заклучоци се склучија билатерални договори кои во принцип не смеат и не можат да бидат полоши од принципите и заклучоците договорени во Парискиот клуб, а таму каде успеаа да бидат подобри тоа е добредојдено.

Ве молам, се работи за две прашања, тоа е репрограмирањето не произлегува од правото на сукцесијата, правото на сукцесија е посебно прашање кое има своја проблематика и мислам дека природата на проблемите на сите ни е позната затоа што има еден субјект кој сеуште го оспорува прашањето на сукцесијата, а прашањето на репрограмирањето е прашање на интерес на стопанството на Република Македонија и на самата Република Македонија за да се создаваат преку процесот на репрограмирање на долговите поподносливи услови за Република Македонија, односно за стопанството на Република Македонија.

Не знам пратеникот со овој дел од одговорот дали е задоволен, но мислам дека се две посебни прашања и ние излегуваме со сите билатерални договори кои ги склучуваме, Владата мора да излегува со ратификација на тие договори пред Собранието кои во принцип значат подобри услови од оние кои биле во свое време утврдени затоа што не сме во состојба да ги ликвидираме како такви.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ова беше процедурално дообјаснување.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака? (58 пратеника).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеника).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Никола Поповски.

I/8.-

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Претседателе, почитувани пратеници, почитувани членови на Владата. Јас сакам да се обратам во име на Комисијата за надворешна политика како известител од оваа комисија, можеби требаше уште по Предлогот за донесување на закон, меѓутоа, поради разговорот што настана по повод други прашања ја користам оваа прилика по Предлог - законот во општата расправа да изнесам некои од мислењата од Комисијата за надворешна политика на ова Собрание.

Прво да кажам дека Комисијата го поддржува донесувањето на законот, меѓутоа, исто така сум должен во името на Комисијата да дадам едно кратко образложение за расправата што се водеше на Комисијата по повод законот, но не само по законот, се надевам дека не излегувам од дневниот ред, бидејќи на Комисијата тоа се дискутираше.

Комисијата за надворешна политика по повод овој закон на својата последна седница по трет пат расправајќи по законот за репрограм, односно ратификација на Законот за репрограм на договорите за задолженост на Република Македонија расправаше и за општата политика на репрограмирање и задолжување на Република Македонија кон странство. Последниот пат, со оглед дека беше по трет пат да расправа Комисијата на таа тема дури се дојде до заклучок Комисијата за надворешна политика да и предложи на Комисијата за финансирање и буџет и на Комисијата за економска политика и развој да одржат заедничка седница на која би ја поканиле Владата пред Комисијата сака претходна расправа да ја образложи својата политика по однос на репрограмирањето на долговите на Република Македонија и по однос на новите задолжувања на Република Македонија и да препорача на Собранието после таа расправа и Собранието да ја гледа оваа проблематика и тоа од следните причини:

I/9.-

Поддржувајќи ја политиката на Владата во сферата на репрограмот и во сферата на задолжувањето, мислиме дека Собранието е веќе доведено во позиција да немајќи сопствен увид и сопствена политика по оваа тематика едноставно парцијално ја спроведува политиката на Владата така како што продуктите од таа политика доаѓаат еден по еден во Собранието во вид на закони. Имено, ние знаеме дека Владата си има сопствена политика и надлежна е да води политика на задолжување на Република Македонија, меѓутоа, ние оценуваме дека во овој момент има потреба и Собранието да расправа за таа политика затоа што Собранието гласајќи по низа закони, дефакто, веќе нема увид на целината на политиката што ја води Македонија, односно Владата на Република Македонија по проблематиката на репрограмот и проблематиката на новите задолжувања на Република Македонија.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Свесни сме, еве на неколку наврати дека покрај репрограмирањето на старите кредити за кои добиваме, покрај нашата можност да ги ратификуваме тие договори, преку јавноста добиваме информации за репрограми кои сеуште не се стигнати на дневен ред, кои се движат во разни износи, со разни доверители, па дури и со суми кои како што ги дознаваме од соопштенијата на наши дипломатски претставништва или Владата, кои се граничат и со суми до петстотини илјади западно германски марки и така натаму, а од друга страна во еден период од неколку години, особено последниве две години се почесто Собранието се доведува во позиција да расправа за нови нето задолжувања на Република Македонија и тоа многу често покрај задолжувања во сферата, или најчесто во сферата на изградба на инфраструктурата во Република Македонија, дали е таа телекомуникациска, дали е инфраструктурна, или енергетска или пак железничка и патна, многу често се доведува во позиција да расправа и за нови задолжувања кои се движат во сферата во така наречената социјална инфраструктура, во сферата на социјалната заштита, оспособувањето на кадрите кои водат социјална помош, социјална политика, понатаму, задолжувања во сферата на здравството и така натаму.

Значи ние сега не можеме ни да претпоставиме која е таа политика на Влада која се предлага на Собранието во новите задолжувања и која ни следи во период од две години, уште колку што има мандат овој пратенички состав.

Значи Комисијата на вавките согледувања смета дека има потреба веќе Собранието да побара од Владата на Република Македонија да

достави своја програма за репрограмирање на старите долгови и своја политика за новите задолжувања на Република Македонија. Во каква структура ќе биде тоа задолжување, за какви задолжувања се работи, во која сфера, инфраструктурна, кредитна, комерцијални изложувања, производни - непроизводи, инфраструктурни или и понатаму во оваа сфера на социјалната инфраструктура за да може Собранието по сеопфатно, сега веќе покрај Владата да ја оцени политиката која ја води Владата и врз основа на таквите оценки да може во иднина за сите закони кои произлегуваат како што е овој денес на дневен ред да може да ги вклопи во некаков систем и политика која се води на среден или на долг рок во оваа сфера.

Поаѓајќи само од парцијалните закони кои ги добиваме во последно време, имаме впечаток дека Собранието е исклучено од среднорочноста и долгорочноста на политиката на нови задолжувања и репрограм на старите долгови на Република Македонија, па дури јас мислам во делот ,особено во делот на репрограмот има и сосема блиски и допирни точки со сукцесијата особено во овој дел, финансиската сукцесија на бившата Социјалистичка Федеративна Република Југославија, затоа што дефакто кога ние репрограмираме се работи за сукцесија на нашите долгови и тоа се разбира дека ние би сакале да имаме увид како Собрание што е со сукцесија на нашите побарувања од распаѓањето на СФРЈ. Така да, покрај сукцесијата, како што е овде случај, на долгови кои што биле пренесени во Република Македонија, да го видиме и другиот дел од билансот и една таква целина Собранието на Република Македонија да ја разгледа, да донесе свои оценки и заклучоци и да ја препорача на Владата и да види евентуално дали Владата има и понатаму потреба да

ја води истата политика, или има потреба да ревидира дел од својата политика во сферата на новите задолжувања спрема странство на Република Македонија, согласно определбите на Собранието на Република Македонија.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 1 и за додавање нов член 2 .

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-ѓа. Стојанова, заменик министер за финансии.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Господа пратеници, Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 2 поднесен од Законодавно -правната комисија, и со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор) госпоѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Исто така и овој амандман се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

50 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласањето?

2 пратеници се воздржуваат од гласање.

Молам за информација колку пратеници се присутни во салата.

54 пратеници се присутни и според тоа гласањето не е легално.

Молам да се повикаат сите пратеници во салата.

Бидејќи нема доволен број пратеници објавувам пауза до 15,00 часот.

(Паузата започна во 12,20 часот).

III/1 ДВ/НД

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,30 часот)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Застанавме при гласањето по Законот за ратификација на Договорот sa реорганизација на долговите меѓу Владата на Република Македонија и Австриската контролна банка АГ Виена која дејствува како агент на Република Австрија, во согласност со изменетата верзија на Законот за гаранции за извоз од 1981 година.

Кој е за предложениот закон молам да крене рака? (57)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на договорот за реорганизација на долговите меѓу Владата на Република Македонија и Австриската контролна банка АГ Виена која дејствува како агент на Република Австрија во согласност на изменетата верзија на Законот за гаранции за извор од 1981 година.

Минуваме на петта точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Унгарската Влада за трговски и економски врски и соработка, склучена на 7 мај 1996 година во Скопје, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Унгарската

Влада за трговски и економски врски и соработка, склучена на 7 мај 1996 година во Скопје.

Кој е за, молам да крене рака? (59)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (58)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?(2)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој,бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за надворешна политика и Законодавно - правната комисија поднесоа амандман на насловот на законот.

Отворам претрес по амандманот на насловот на законот, поднесен од Комисијата за надворешна политика и Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил претставникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (56)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Унгарската Влада за трговски и економски врски и соработка.

Бидејќи немаме претставник од Министерството за сообраќај шестата точка ќе ја одложиме, а ќе ја гледаме кога ќе дојде министерот за сообраќај или заменикот.

Молам, да се повика министерот за сообраќај или заменикот да дојдат овде на седница.

Предлагам сега да минеме на 7-та точка, дури да дојде претставникот на Владата за 6-та точка.

Преминуваме на <u>7-та точка</u> - <u>Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата на Република Македонија и Република Словенија за взаемна заштита и поттикнување на инвестициите, со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Словенија за взаемна заштита и поттикнување на инвестициите.

Кој е за, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Нема)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (59)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Нема)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (64)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Словенија за взаемна заштита и поттикнување на инвестициите.

Преминуваме на 8-та точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија "Македонски железници" и ЕУРОФИМА за неплатениот долг, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

III/5

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија, "Македонски железници" и ЕУРОФИМА за неплатениот долг.

Кој е за, молам да крене рака? (59)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака?(61)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?(1)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (62)

Дали има некој против?(Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација Договорот меѓу Владата на Република Македонија, "Македонски железници" и ЕУРОФИМА за неплатениот долг.

Преминуваме на 9-та точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Владата на Република Полска за ветеринарна соработка со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Владата и Владата на Република Поска за ветеринарна соработка.

Кој е за, молам да крене рака? (59)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака?(63)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, когј бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (65)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Владата на Република Полска за ветеринарна соработка.

Минуваме на 10-тата точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Владата на Република Полска за соработка во областа на заштитата на растенијата со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Владата на Република Полска за соработка во областана заштитата на растенијата.

Кој е за, молам да крене рака? (62)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (65)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласаше? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Илија Каров.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитувани пратеници, пред се да кажам дека го поддржувам односно има потреба од донесување на законот за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Владата на Република Полска за соработка од областа на заштитата на растенијата.

Мислам дека вакви договори треба во иднина Министерството и Владата да иницираат во сите соседни земји па ако е можно и со другите балкански земји, бидејќи Македонија е транзитно подрачје на стока и растителни производи. На овој начин со вакви договори многу од овие проблеми кои сега се јавуваат во Република Македонија и во другите соседни земји на некој начин ќе бидат надминати.

Јас би сакал да укажам на текстот на овој договор. Имено договорот, како што е предложен е добар, меѓутоа заклучокот односно прилогот број 1, кој е меѓународен документ, не е во согласност со договорот. Има многу отстапувања. Мислам дека овие отстапки треба да бидат решени.

Колку што мене ми е познато договорот не може да биде променет и текстот на овој договор, меѓутоа многу поедноставно е прилогот да биде коригиран во согласност со овој договор.

Еве јас ќе потенцирам две значајни, според мене технички грешки.

Уште во преамбулата, односно во третиот став од уводниот дел стои во договорот, да ги заштитат териториите на двете држави од пренесување на болести, штетници на растенијата, како и плевели. Значи овој договор ја третира проблематиката од областа на болестите, штетниците и плевелите, па како документ кој ја гарантира здравствената исправност на овие производи од растителни потекло е овој фитосанитарен сертификат кој е меѓународен документ и кој е задолжителен и ја Следи стоката било таа да се извезува од Република Македонија или пак да се увезува односно да транзитира низ Република Македонија, како реекспорт.

**ИЛИЈА КАРОВ:** (продолжение)

Во член 1 став 1 алинеја 4,"Карантински организми се карантински организми кои со важечки прописи во двете држави активно се уништуваат, кои предизвикуваат болести на растенијата, штетници на растенијата и плевели". Значи и во член 1 укажува што би било предмет на овој меѓународен документ.

Во член 4 , во сите четири точки од член 4 се спомнува дека оваа роба ќе ја прати фитосанитарен сертификат на англиски јазик. Тоа е наведено во точка 1 од точка 4.

Фитосанитарните сертификати за растенијата и растителните производи треба да бидат отпечатени на англиски јазик, што се спомнува во точка 2 понатаму прописите од став 1 и 2 од овој член се применува соодветно на фитосанитарните сертификати за реекспорт и на крајот

Точка 4 обрасците на фитосанитарните сертификати, како и фитосанитарните сертификати за реекспорт кои се задолжителни на државата за договорните страни се содржани во прилог бр. 1 на овој договор.

Кога го гледаме прилогот бр. 1, кој е на македонски сега отпечатен во точката 2 стои "фитосанитарно уверение". Морам да ви кажам дека и сега во широката пракса примено е фитосанитарни сертификати кои се во употреба. Мислам дека ова фитосанитарно уверение како прилог на овој договор да биде корегирано наместо "фитосанитарно уверение" да стои "фитосанитарен сертификат". Во точката 4 од прилогот бр.1, точка 10 стои "се потврдува дека на наведените растенија или растителни производи е применета соодветна постапка и дека е утврдено дека не се заразени со карантински штетници и дека практично не се заразени со други опасни штетници, како и дека одговараат на барањата на земјите увознички.

Во точка 10 стои дека овој фитосанитарен сертификат се издава, вака како што е отпечатен и приложен, само за карантински штетници а не се спомнува како што е во член 4 односно во преамбулата и во првиот член од овој договор дека овој фитосанитарен сертификат се издава за да гарантира дека производите не се заразени од карантиснки штетници, растителни болести и плевели.

Предлагам во точка 10 наместо двапати да се повторува "карантински штетници" да стои и "растителни болести" "односно "болести". Мислам дека е поедноставно ова уверение, веројатно е тоа техничка грешка во печатењето и во преведувањето. Договорот по мене е сосема добар, одговара меѓутоа прилогот мислам дека на некој начин технички не е во ред, може да се дотера односно да биде онака како што е сега во праксата кај нас, како што се отпечатени овие сертификати за роба која се увезува, извезува односно роба која е во реекспорт.

Мислам дека тука има претставници и од Министерството за земјоделие има и претставници и од Законодавно правната комисија па можат да дадат прилог дека овој прилог на договорот како меѓународен документ е многу поедноставно да биде коригиран. Затоа мислам дека ќе најдам поддршка.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Почитуван претседателе почитувани пратеници со задоволство ги прифаќам сугестиите во однос на потребата од вакви конвенции и уредување на односните во областа на заштитата на животните и растенијата од карантиснки болести, фито и животински.

Да ве известам дека ние веќе особено со соседните земји сме во поодмакнати фази во разговорите и преговорите да склучиме вакви договори и да применуваме единствени мерки во областа на заштитата на растенијата и животните.

Во однос на втората забелешка во врска со самиот договор на самите конвенции, и пратеникот што го постави тоа прашање спомна дека тоа се меѓународни узанси, дека тоа се договорања и согласувања меѓу двете договорени странки. Навистина доколку кај прилозите постои таква можност со надлежните институции за таа работа ќе се обидеме да ги дотераме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам кој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

(г-динот Каров од место реагира дали предлогот на заклучокот е со промените)

Не, не, тоа е посебно. Тоа е меѓудржавно усогласување

Шеесет и три пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласаше (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на договорот меѓу Македонската влада и Владата на Република Полска за соработка во обласста за заштитата на растенијата.

Минуваме на точка 11 - Предлог за донесување на закон за издавање и тргување со хартии од вредност.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за издавање и тргување со хартии од вредност.

2. Владата на РМ ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог на закон при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела како и укажувањата на работните тела на Собранието на РМ да се достави до Владата на РМ и до Министерството за финансии.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака?

64 пратеници гласаа за.

Молам дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Дали има некој против? (нема)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на <u>точката 12</u> - <u>Предлог за донесување на закон за шумите.</u>

Предлогот за донесување на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Има збор г-динот Петре Трајановски.

**ПЕТРЕ ТРАЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, со оглед на моменталните состојби на шумите и во шумарството во РМ има потреба од донесување на закон за шуми и тоа по скратена постапка, во две фази.

Република Македонија располага со шумски фонд од 905.655 хектари од кои што во општествена сопственост, односно сега државна сопственост 90% и 10% во приватна сопственост. Со шумите во државна

сопственост стопанисуваат 30 општествени претпријатија и три национални паркови, еден шумски резерват, четири водостопански претпријатија и едно комунално претпријатие, а додека со приватните шуми стопанисуваат сопствениците врз основа на критериумите за начинот на одржување и управување на шумите.

Во последните неколку години чекајќи го донесувањето на овој закон дојде до многу негативни појави и последици во шумарството што доведе до масовно и непоштедно сечење на шумите од страна на физички лица, а исто така и од претпријатија кои што стопанисуваат со шумите. Кои што секако работат спротивно на законот со кој досега беше регулирана оваа материја. Ваквата состојба пред се, се должи на следното.

1. Што досега шумите беа општествено односно сечии и ничии. Сечии беа тогаш кога ни требаа за задоволување на некои сопствени потреби, а ничии тогаш кога требаше да ги одгледуваме и заштитуваме како од разни болести и штетници така и од пожари и др.

Понатаму, нерасчистените имотно правни односи односно непочитувањето на катастарот на шумите, што е последица на големо узурпирање на шуми и шумско земјиште од страна на приватни лица посебно во периодот со последните две катастарски снимања.

Понатаму, за да состојбите во шумарството уште повеќе се усложнат околу имотно правните односи доведе и предлогот на законот за новата територијална поделба на РМ, што веќе е во функција поради кој секое населено место односно месна заедница си даваше право да стави рака на дел од сега веќе државната шума која се наоѓаше во нитните атари. Исто така во последно време како сопственици на дел од шумите и шумското земјиште се јавува и црквата со своите манастирски поседи кои што сеуште не се утврдени границите.

IV/6

Исто така мора да се каже дека за ваквите состојби секако дека придонесува лошото организирана шумарска служба во претпријатијата кои што стопанисуваат со шумите а исто така и слабата соработка со органите односно со полицијата.

Уште една причина е малата ажурност на судовите со нивното неконституирање така да голем дел од поднесените пријави било да се за прекршоци, или за кривични пријави, нерешавањето одеше на штета на шумата. Користејќи ја ваквата состојба месното население си дава за право и слободно да врши масовно уништување на шумите. За жал, кај нас состојбата и со приватните шуми не е ништо подобра, но сигурно можам да кажам дека е уште во полоша состојба. Мислам дека нема никаде пример во Европа толку да не се води сметка лично од страна на сопствениците за она што го имаат, така да тие шуми моментално можеби се и во најлоша состојба.

Исто така за ваквите состојби придонесува и начинот на уредување на шумите каде што има повеќе организации кои што тоа го вршат, а исто така и приватни лица кои што пред се работат за сопствен интерес, а секако дека на штета на шумите.

Исто така во овој закон сметам дека треба и шумарството како гранка да си го најде своето место во Министерството за земјоделие и шумарство, а не како што сега е поставено, но мислам дека тоа би требало да се определи дали со овој закон или со законот за државната управа.

Конкретни забелешки што имам на предлогот за донесување на законот се следните.

Во членот 1 е определено што значи стопанисување со шуми.

Во членот 3 сметам дека точка 2 треба да биде точка 3 затоа што одгледувањето и заштитата на шумите се дејности навистина од јавен интерес .

Во членот 4 да се додаде што се подразбира поконкретно од јавен интерес. Јас не можам со тоа да се согласам никако дека сечењето собирањето на шумските плодови и производи, како и другите операции што се во шумарството, "собирањето на другите производи", овде што се кажани како споредни, за мене е дискутабилно затоа што нема главни, нема споредни, сите се главни производи во шума и треба да стои "други шумски производи". Мислам дека сето тоа нема јавен интерес. На државата не и се потребни тие делови. Ти би претставувале само еден терет на државата.

Во предлогот за донесување на закон имаме дадено две алтернативи во однос на стопанисувањето со шумите.

За оперативата прифатливо е основното решение а мислам дека другото поинакво решение секако нема да биде во интерес на шумата односно државата би си преземала голем товар на себе и мислам дека не ќе може сите тие работи да ги спроведе. Има полно примери и кај нас, конкретно во соседна Србија тоа беше така поставено па сега се размислува за донесување на нов закон. Може да се појде по примерите на Франција каде што во рамките на Министерството за земјоделие и шумарство постои департман за води и шуми, кој е во состав на Министерството за земјоделие и апсолутно независен од департманот за земјоделие и ја води организацијата на целокупната шумарска и водостопанска дејност. Исто така таму постојат повеќе организации кои што се распределени на регионален принцип што мислам дека за наши услови би било прифатливо и секако дека би било во корист на шумите.

Добро е што со овој закон не имаат исти третман и државните шуми и општествените шуми, како и шумите со посебна намена. Досега шумите со посебна намена беа надвор од законот особено во однос на надзорот што се врши Министерството за земјоделие односно

шумарската инспекција немаше можност таа работа да ја врши, а сега е добра особина што и овде е ставена.

Во однос на донесувањето на шумско стопанските основи мислам дека покрај општите планови кои што се донесуваат на ниво на РМ треба да се донесуваат општи планови на ниво на подрачја, а секако дека после тоа и посебните планови што се донесуваат за секоја шумскостопанска единица.

Исто така имам забелешка членот 23 каде што се изрекуваат мерки до колку настанат некои нарушувања односно отстапувања до пла- новите. Се вели дека треба веднаш да се престане со работите. За тука мислам дека треба да се додаде""по претходно решение од надлежен орган" односно од шумарската инспекција односно Министерството за земјоделие и шумарство.

Во однос на користењето на шумите треба да се размисли во врска со терминот на член 21 каде што стои ознака за сеча дали е можно да се најде некој посоодветен термин. Зборот "ознака" не е најсоодветен збор барем овде за нас.

Исо така во однос на стопанисувањето односно одобрението за ознака и сеча, член 30 каде што се вели дека ознаката за сеча во приватните шуми ја врши Министерството за земјоделие и шумарство односно јавно претпријатие што ќе го овласти тоа. Тоа е во членот 30, а во членот 31 таму каде што е ознаката "ретки видови ", тоа не е додадено и мислам дека и таму треба да стои Министерството или организација овластена од Министерството.

Во членот 56 се вели дека за штетите во шумите се плаќа надомест според ценовникот за штети во шума што го донесува министерот за земјоделие шумарство и водостопанство. Надоместокот, средствата од овој член за државни шуми се приход на буџетот на РМ , а со приватните шуми се приход на сопственикот. Мислам дека казната

IV/9

треба да биде приход на Буџетот, а оштетата треба биде за оној кој стопанисува со шумата, за сопственикот. Не може да оди, стопанственикот застапува на суд, нема трошок, судски такси и тн. а приходот од штетата да оди на сметка на буџетот.

Во однос на член 61 за шумочуварската служба треба да се види и мислам дека подобро решение од сегашниот закон е членот 71 кој повеќе одговара во однос на заштитата на шумите.

Во однос на надзорот на шумите, на спроведување на одредбите на овој закон и на прописите донесени врз основа на него врши Министерството за земјоделие шумарство и водостопанство. Мислам дека шумарството треба да си го најде местото во рамките на Министерството и да стои "инспекторат на шумарство" .

**ПЕТРЕ ТРАЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

Вака како што е поставена инспекциската служба во Министерството за шумарство и водостопанство, главен републички инспектор е агроном. Мислам дека тука некој соодност и не е во интерес на разрешувањето на проблемите. Затоа предлагам да постои инспекторат за шумарство кој што посоодветно ќе ги разрешува работите. Исто така имам една забелешка во однос на член 32, се враќам малку назад во однос на ознаките каде што е предвидено дека ознаки во шумите врши лице со висока стручна наобразба пфумарска насока со 4 години пракса. Јас мислам дека оваа граница до 4 години е премногу е уште еден факултет. Ако еден приправнички стаж трае 1 година максимално, и ако не може да се спреми еден инженер да ги извршува работите, мислам дека навистина 4 год. се премногу.

Во однос на чл.80 за недвижниот и подвижниот имот со кои располагаат организациите што стопанисуваат со шумите со денот на влегувањето во сила на овој закон, стануваат државна сопственост. Капиталот на постојните претпријатија што стопанисуваат со шумите се подржавува. Дали на државата б треба капитал заради неефикасното користеше ќе девалвира. Во шумарството состојбата е чиста и државен капитал сметам дека е шумата, а другиот дел е создаден со работа и треба да се приватизира согласно член 3 став 2 од Законот за трансформација. Во законот треба да се вградат решенија што ќе се респектираат, односно што ќе ги респектираат и државните интереси и интересите на вработените во постојните претпријатија и ќе се создадат услови за квалитетно и квантитетно подобрување на шумскиот фонд.

Содржината на работата на јавните претпријатија да биде само оној дел од стопанисувањето со шумите, што навистина има јавен карактер, шумата да добие третман на државен капитал, а остатокот од

капиталот со кој сегашните правни субјекти стопанисуваат со шумите да се трансформира во приватен согласно одредбите на Законот за трансформација. Овој капитал предлагам да се вложи во јавните претпријатија, а организациската форма да биде друштво предвидено со Законот за јавни претпријатија и Законот за трговски друштва.

На крајот исто така сакам да кажам дека и Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство на Собранието му предлага и да го усвои предлогот на законот аз шумите и да донесе заклучок Владата на РМ во што пократок рок да изготви и на Собранието да му предложи предлог на закон за шумите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Ајдерага.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Уште на почетокот да кажам дека го подржувам предлогот за донесување на закон за шумите како закон кој што ќе ја регулира проблематиката со која се стреми предлогот. Во мојата дискусија ќе изнесам само некои забелешки односно мои гледања во врска со предложениот текст за закон.

Прво, во врска со член 10 кажувам дека го поддржувам предложениот член 10 што значи со државните шуми да стопанисуваат повеќе јавни претпријатија, а не едно јавно претпријатие. Сегашната организација во извесна смисла е поиздржлива отколку кога би било едно претпријатие, затоа што ако такво нешто правиме понатаму ќе одиме на проширување на бирократијата кое нешто во денешни услови не ни е потребно, од причини зошто тоа само ќе го поскапи

производството на шумите, нивното одгледување, одржување, заштита и користење.

Понатаму, во врска со прашањето што се однесува за стопанисувањето со шумите, во шумско-стопанските единици и таму во член 20 е регулирано прашањето како тоа се прави и во ставот 5 е речено дека изработката на посебните планови од став 2 на овој член ги финансираат јавните претпријатија што стопанисуваат со шумите за стопанска намена, како и сопствениците на овие шуми од став 4 на овој член кога сме веќе тука да кажам дека оваа регулација можеби одговара, меѓутоа во практиката не знам како Јас се применува од причина што обезбедувањето на финансиски средства до приватните сопственици малку ќе оди тешко и од тој аспект мислам дека е потребна друга формулација што ќе биде поиздржлива, единствено ако се смета дека средствата по однос на ова прашање ќе се обезбедат на тој начин што ќе се рефундираат од даноците за шумите.

Во член 30 е регулирано прашањето за означувањето во шумите, ознаките за сеча и во став 2 е речено дека ознака за сеча во приватна шума врши Министерството за земјоделство и шумарство, односно јавното претпријатие што Министерството ќе го означи. Прашањето е во ред и мислам дека треба да остане и понатака на тој начин да се врши таа ознака од поодделни органи. Меѓутоа, едно прашање е посебно што треба да се има предвид од Владата во врска со ова прашање и одлуката на Уставниот суд. Тука треба мислам дека треба да се најде некоја формулација и јас потполно се согласувам дека овој одреден надоместок треба да се плати но треба да се види како да се спроведе и

на кој начин за да не биде во спротивност со Уставниот суд за ова прашање.

V/4

о врска со членот 32 г-дннто Петре Трајановски зборуваше и јас мисласм дека стручната подготовка треба да биде на пониско ниво, зашто навистина треба да бидеме реални, шумарски инженер со 4 г. практика тешко е дека ќе оди да врши ознака во шумите, особено ако се знае дека по одредени реорганизации доволно кадар нема, а уште повеќе ако бараме тој да оди таму. Тука треба да се спуштиме на пониско ниво, а така ќе биде и попрактични. Верувајте, и во денешно време, шумарски инженер со 4 г. практика тешко ќе оди на таква работа. Ова ви го кажувам од искуство и немојте да се занесуваме дека така ќе постигнеме нешто, зашто тоа може да го напишеме а практично не спроведено.

Прашањето регулирано во членот 33, се вели: субјектите што стопанисуваат со шумите се должни за извршената ознака за сеча да го известат шумарскиот инспектор и со сечата да отпочнат после извршениот преглед. Добро е напишано, меѓутоа практично тешко спроводливо. Не знам, кога ќе помине шумарскиот инспектор низ таа шума ако е таа стотици и илјада хектари, а прашање е дали чека времето. Претпоставувам дека ова е тешко остварливо.

Прашањето со одобрение за сеча регулирано во членот 36 во приватна шума, меѓу другите услови е речено е дека одобрение аз сеча во приватна шума не може да се издава ако видно не се одбележани границите на шумата на која се однесува барањето за сеча. Јас мислам дека и ова повеќе е напишано од желба отколку од практична страна. Зошто го велам тоа. Ние и ден денеска сеуште немаме разграничуваме на приватните шуми и како ќе биде означена ако не е разграничена. За во иднина се согласувам да биде така, меѓутоа ако сакаме тоа практично

да го оствариме, вака не можеме. Јас ви тврдам, го познавам подрачјето од каде што доаѓам, ја познавам таа проблематика таму, бидејќи сум

V/5

работел во сектор што ги водеше овие работи и знам не е извршено ограничување. Смета што не извршено ограничување, бидејќи многу често оние изводи од поседовнитте листови од катастар повеќе служат како доказ, има се извинувам на оние што не го прават, меѓутоа тие што го прават само се користат, а не сечат од нивна шума. Со поседовниот лист земаат одобрение и не сечат. Многу често има случаи кога со тој поседовен лист се сече во државна шума место во своја. Затоа ова е добро, но ако бидеме во ситуација да извршиме разграничување на шумите. Таа работа не е едноставна и затоа сеуште не е извршена.

Во членот 40 е регулирнао прашањето на заштитата на шумите. Меѓутоа тука е речено дека субјектите што стопанисуваат со шумите се должни да преземаат мерки за заштита на шумите од сечи, пожари, елементарни непогоди, растителни болести, штетни инсекти, бесправно напасување и други оштетувања. Ништо посебно не е кажано за приватните шуми. Кога сме тука, јас мислам дека тоа прашање треба да го регулираме така што да го менуваме односот и да назначиме субјект кој што исклучиво ќе се грижи за заштита на шумите од болести и штетници. Иако ние мислиме дека шумата ќе ја заштити индивидуалниот сопственик, со таквата работа не ќе успееме, зашто многу често се случува тие приватни шуми да се мали и така организација е многу тешка. Затоа мислам дека заштитата треба да биде во раце на~јавните претпријатија. Познато дека штетникот односно болеста не бара пасош, зашто таа ќе се шири на сите шуми. Меѓутоа интерес е на општеството, ако велиме, а тоа е кажано и со законот дека шумата е објект од општ

интерес и јавен интерес, тогаш мислам дека така треба да регулира проблематиката на заштитата. Слично треба да се регулира н

V/6

прашањето на дотурот, како што претходно беше речено означувањето на шумите, слично да биде регулирано и чувањето на шумата од крадци. Ако имаме 2 вида на чувари, еден за приватен а еден уа државен, тогаш ќе ја стимулираме кражбата. Чуварот треба да биде единствен, еден за сите, само на тој начин ќе се обезбеди заштита и ако има одобрение за сечење на приватна сеча и се јави кај приватниот чувар, овој ќе му каже бегај тука, оди таму има државна шума. А ако го фати приватниот шумар, ќе го контролира но колку тоа ќе го направи дека е тоа земено од државна шума. Меѓутоа, ако имаме единствен чувар тогаш ќе ја заштитите шумата од крадци зашто работите се тешки и познати.

Во членот 54 е регулирано прашањето за препродавањето на исечено државно во шума во државна сопственост од страна на физичка лица. Мислам дека прашањето на продажбата треба да се регулира единствено како за државните такса и за приватните. И не треба од ова овде што е напишано да се сфати дека правиме одвојување, зашто за да се продаде дрво од приватна шума има потреба од вадење на поголем број документи отколку треба од државата шума,. Ако имаме предвид дека според Уставот и приватниот и државниот се изедначени во правата и обврските, тогаш мислам дека не треба да правиме поделба и треба да најдеме начин како тоа да биде единствено регулирано, а се со цел а ништо да не може да помине без за тоа да биде обезбедена потребната документација

Кажав и на Комисијата кога станува збор за репродукцијата на шумите член 64 каде е регулирано прашањето на простата и проширената репродукција. Овдека во членот 64 и 65 треба да има извесна

V/7

корекција зашто е познато што е проста, а што проширена репродукција. Формулацијата во членот 65 за проширена репродукција треба измена бидејќи проширената репродукција не е само подиге на нови шуми, пошумување на голини и ерозивни земјишта како и мелиорација на непродуктивни деградирани шуми и шикари, туку таа подразбира и нега, иако има дел од ова, но целата формулација не одговара и треба една преформулација.

И уште една забелешка во врска со казнените одредби. Изгледа дека е таму подградната грешка во член 75 и 76 каде што се повторува истиот член со исти точки на два пати. Тоа треба да се корегира. Тоа е случај со членот 82 став 1 каде што се зборува меѓу другото 15, 16 и 17, а исто се зборува и во член 76 каде што вели: член 72 точка 15,16 и 17. Два различни прекршока во два различни члена. Тоа треба да се прецизира.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Г-дине претседателе, почитувани колеги и министри. Законот за шуми не е моја тема, меѓутоа, јас ќе се осврнам околу тоа и прво го поздравувам овој закон како човек и се надевам дека сте загрижени за состојбите на шумите во Македонија и воопшто за шумите. Мојте

опсервации ќе бидат околу заштитата на шумите. Делот на заштитата на шумите што се однесува за третирањето со науката и каде што се задолжени ресорните министерства и дел од нивната обврска и мислам дека во овој закон доволно се третирани и ќе бидат третирани како

V/8

нашите шуми да се заштитат од сите штетници што ги напаѓаат. Еден од пратениците рече дека штетите и тие што ги прават штетите немаат пасош и се шират со невидлива брзина.

Јас би зборувал од аспект на заштита на шумите од сеча, од незаконско сечење на шумите. Што треба со овој закон да биде опфатено и да дадам идеја на Владата што треба да преземе како би го сочувале нашето најголемо благо. Мислам дека штетите кои настануваат од сечење, неконтролираното сечење на шумите во Македонија има загрижувачки размери. Не сум толку ситничар да кажувам кој се тие што треба да штитат и кој се тие што треба да прават. Меѓутоа, мислам дека најголемата трагедија аз сите нас и за шумите е сечата на шумите. Мислам дека Владата на РМ покрај овој закон кој на некој начин ја регулира сферата до заштитата треба да има своја програма со која ќе ја заштити оваа дејност. На пример во некои земји како во нашата земја каде е забележано дека уништувањето на шумите доаѓа од индивидуалците со програмата предвидува во змиските периоди каде нашите села кој се главните корисници на тие што ја злоупотребуваат шумата, се бенифицира или се електирчната енергија во зимскиот период за населените места и селата се дава посебна тарифа како би ги стимулирало селаните, односно жителите во населените места да користат ел. енергија за затоплување на своите домови, а не да сечат шума. Исто така преку кредитните линија кои ги овозможува Владата може да се обезбеди средства за затоплување и било какви други тела

за затоплување граѓаните во нашите населени места по пат на кредитирање и само тие се здобијат со средства со кои ќе затоплуваат своите домови.

VI/1/РД/љ

**СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Значи преку една програма на Владата која ќе ги субвенционира и потрошувачката на електрична енергија преку цената на електрична енергија која ќе биде по селата драстично поевтина да овозможиме селаните да користат електрични печки и да им овозможиме тие печки да ги купат на кредит. Ние сите знаеме нашите луѓе се практични. Како што се зголемуваше цената на енергија, така нашите луѓе ја користеа различните видови енергија кога ќе беше поевтино дрвото ги користеа дрвата, кога ќе биде поевтина нафтата тогаш преминуваа на тоа греење. Мојата заложба е и ќе завршам со тоа дека Владата покрај овој закон кој се грижи за заштита на шумите треба да предвиди паралелно под итно програма која ќе предвиди населените места тарифата која ја плаќаат за електрична енергија да биде драстично помала градскиот тарифи и да овозможи кредитна линија на сите селани да можат да купат сите печки за електрична енергија и со тоа да ја намалат сечата на дрвата. Ќе ви кажам ни еден шумар, ниту армија од шумари нема да ја заштитат шумата толку, колку што економиката ја води нашиот човек.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, го поддржувам предлогот на Владата ј на Република Македонија за донесување на закон за шумите. Сигурно со него нашето шумарство треба да почне да работи според правилата што треба да обезбедат услови за позабрзан развој на оваа значајна гранка на нашето стопанство и проширување на фондот на шумите за кои како

што велат предлагачите на законот за шумите ни по структура , ни по квалитет не задоволува.

Во образложение на Предлог законот се вели дека состојбите со шумите не биле добри и пред 22 години и тогаш се донел законот што

VI/2.-

сега е на сила и откога се донел овој закон работите тргнале малку кон подобро. Ако е така, тогаш зошто се дозволило да се чека толку долго време за да се донесе овој закон, односно да се покрене оваа наша машинерија за донесување на овој закон. Не можеше ли порано да се подготви и донесе овој закон за шумите. Зошто толку време нашето природно богатство беше оставено да пропаѓа на стихијата. Господа заради немање на вакви и други закони денеска состојбите со другите природни богатства со водите, што станува со законот за водите. До кога новиот систем ќе се гради со закон за води од стариот систем. Кога овој закон ќе влезе во Собраниска процедура. Кога ќе се оствари односно ќе се стави крај на лошите состојби во нашето стопанство. Кога нашите земјоделци ќе им кажеме дали треба да плаќаат одводнување или не треба да плаќаат за работи кои што никогаш не биле поставени во функција на нивното работење. Господо и ораниците и ливадите и пасиштата се природни богатства. До кога ќе се чека и за нивните закони. До кога искористувањето на земјоделското земјиште што сега се одвива по стариот закон, а како што е познато уставниот суд на Македонија го направија партал со некои негови одлуки и понатаму ќе биде во примена. Значи денеска немаме закон за искористување на земјоделско земјиште. Да не зборувам и за другите закони што ги нема. Го нема ни Законот за пасишта. Законот за пасишта е укинат пред година ипол и понатаму се бара пашарина, и ред други работи. Се надевам дека сепак за овие закони ќе се најде време и можности во надлежните министерства еден ден да стигнат во Собраниска процедура. Во врска со Предлог законот што денеска е понуден за расправа, јас ќе се осврнам на неколку

прашања што во овој документ мислам дека нема добиено соодветен третман. Имено, сакам да дискутирам по законската регулатива што се однесува на сечата на шумите, заштитата на шумите од напасување на добитокот во шумите и обновата на шумите, односно подигање на нови

VI/3.-

шуми во нашава држава. И на крајот би кажал и нешто и за едно прашање што во овој текст на законот за шуми не е спомнато, за жал, не го спомнаа и дискутантите пред мене, а не го спомна ниту г-динот Петар Трајановски, директор на шумското стопанство, јас ќе мора да го спомнам. Станува збор за ангажирањето на странска работна и машинска сила во нашето шумарство. Или да бидам појасен, вработување на работници од Југославија и Босна, а не наши работници. Од армијата наши невработени граѓани стечајци, социјалци и што ти не.

Во образложението на Предлогот за донесување на закон за шумите меѓу другото се вели дека во нашава држава вкупната површина под шуми изнесува над 1 милион хектари. И дека состојбите со шумскиот фонд не задоволуваат. Зошто? На ова прашање нема одговор и не треба да има одговор, бидејќи не само врапчињата што живеат во шумите, туку и врапците што живеат во полето знаат како досега се стопанисуваше и понатаму се стопанисува со шумите. Каква е борбата за повеќе пари и немилосрдно се уништуваат младите но вредни зелени дрвја за нашава држава. Се тврди дека сечата на шумите е под некаква контрола, односно дека таа се изведува по некакви шумско стопански основи. Кој ги носи тие основи и кој го контролира нивното извршување. Станува збор за сечење на шумата. Шумарската инспекција или тие што стопанисуваат со шумите. Тие што ги сечат нејзините дрвја а не како што досега се тврдеше дека шумите ги уништуваат козите. Шумите ги уништуваат секирите и полите а не козите. Инаку, во Битола досег а немавме

шумарски инженер, односно инспектор. Министерот за ова треб а да знае. Сечата на шумите мора да признаеме дека не е под контрола на државата иако државата не стави рака на нејзините шуми и тие за кратко време ќе ги снема од нашава карта, односно ќе ги снема како што ги снема и животните што беа во тие шуми.

VI/4.-

Уништувањето на шумите со секири и пили оди подеднакво и во државното и во приватното шумарство. Кога на ова зло ќе му се стави крај не се знае. Во предлог законот за шумите во член 8 се вели дека шумите се во приватна и во државна сопственост. Меѓутоа, не се кажува ништо колку хектари со шума се приватни а колку државни. Зошто се крие овој податок. Како пратеници кои денес и утре ќе гласаме на овој закон мислам дека требаше да знаеме колку од овие милион хектари под шуми се на државата, колку на приватниот сектор и нешто друго. Во рамките на овој шумски фонд има и огромни површини на црквите и манастирите. И за нив ништо не се кажува во овој предлог закон. На пример за мене несватливо е да се предложи еден ваков закон со кој се тврди дека состојбите со шумскиот фонд ќе бидат малку подобри, да не се каже ни збор потаму со каков растителен фонд располагаат нашиве шуми. Кои дрва ги има. Кои ретки дрвја од нашиве шуми се заштитени од пилата и секирата. Или пак дали и понатаму продолжува стихијното уништување на оревите за див или легален извоз. Инаку, сечата на приватните шуми како што е познато во изминатиот период се одвиваше со добиваше на посебни дозволи од страна на општината и шумското стопанство што делува во општината каде што се наоѓа приватната шума. Без нивен амин сопствениците на шумата не можат да сечат дрва за огрев или градба на некој објект. Згоре на тоа затоа што некој од шумското стопанство ќе каже кое дрво треба да се сече се наплатува висока такса со која пак заедно и со трошоците за сечење дотур и транспорт на дрвата излегува како сопственикот на шумата од својата

шума да ги купува своите дрва. За неа плаќа даноци и други давачки кон државата. Во селата од Кајмакчалан постои мислење дека оваа мерка не е воведена за заштита од кражба на дрва од државната шума, туку заради измачување на селаните што имаат сови шуми за да се откажат од нивната сопственост и тие да преминат во државна сопственост.

VI/5.-

Господо денес во Македонија се гради нов систем и за сечата на приватните шуми треба и мора да има нови односи. Мора да се укине таксата за обележување на дрвјата на сеча. Која досега никој не знае кој и зошто ја сечеше. Мора да се укине и дозволата за сеча. Може ли во правна држава за користење на сопствениот имот да се наметнуваат вакви државни давачки, односно да се купуваат дрвјата од сопствената шума. Уставниот суд на Македонија како што е познато го по ништо овој пропис меѓутоа за жал, нема кој да го спроведе во практиката. Исто како што е поништен и дел од законот за водите со кои што земјоделците не треба да плаќаат одводнување меѓутоа и понатаму плакат бидејќи нема кој да каже до кога тоа треба да се работи. Мислам дека оваа такса мора да се укине. Старците што останаа во селата крај шумите не можат да ја плаќаат. Нема од каде г-до. Инаку, како што велат селаните што имаат шуми оваа такса е воведена за остварување на други цели за кои што пред малку зборував.

Натаму во поглавјето за заштита на шумите се предлага да се воведе забрана за напасување на добитокот и собирање на лисја за добитокот од шумите. Или пак ако шумското стопанство не дозволи напасување на добиток во шумите, се предлага ограничување на бројот на добитокот. Се бара на еден хектар со шума да се напасува само по една овца или на пет хектари шума едно крупно дрво на добиток. За козите и во овој закон не станува збор. Г-да пратеници со оваа мерка за заштита на шумата сточарството од планинските села ќе се најде во тешка состојба. со проблемите со пласманот на добитокот сега на

сточарите од овие средини не им останува ништо друго освен ликвидација на нивните добиточни стада и селење на овие села во градовите или надвор од нашава држава. Друго чаре за нив и не постои. Тие не можат да бидат ни стечајни работници ниту пак работници со статус на технолошки вишок и да земаат некаква пензија како што сега ја земаат некои работници во државниот сектор. Г-до добитокот не ја

VI/6.-

уништува шумата. Шумата ја уништуваат бесправната сеча што на секој чекор се изигрува. Се добива дозвола да се сечат 10 илјади кубици дрва, 100 илјади кубици дрва се сечат. Г-да размислувам дали во овој закон може да постои ваква забрана за влегување на добитокот во шумата. Ако треба кажете со време да се отера добитокот на кланица. Г-до за туризам во шумите треба храна, а без добиток и селани нема ни храна ни туризам.

Што де однесува до репродукцијата на шумите за кои предлагачот на овој закон вели дека под неа се подразбира подигање на нови шуми и пошумување на голини и ерозивни земјишта имам две забелешки.

Прво, во овој закон не се додава обврска секоја сеча да се условува со подигање на шума, односно за секое сечено стебло да се посади ново дрво и второ, подигањето на нови шуми да се изведува таму каде што се сече шумата. Не на утрините и пасиштата во селата. Селаните не се против подигање на нови шуми, туку се против подигање на шуми на површините на кои се напасува добитокот. Во постојните шуми се забранува напасување на добитокот, пасиштата и утрините се предлагаат да се пошумуваат, каде сега со добитокот. На пазар или на кланица. На друго место нема никаде каде да се оди. Инаку, во изминатиот период со ваквата политика за пошумување на пасиштата што со векови служеа за егзистенција на планинските села многу од овие села се испустија. На пример пролетва на некој му текна во битолско

ресово да го пошуми пасиштето. Мораше селаните да одат со стапови да се спаси тоа пасиште.

На крајот уште за еден проблем во шумарството. Станува збор за ангажирањето на странска работна сила и механизација за извршување на некои работи во нашево шумарство. Мислам дека ова би било интересно за нашиот министер за труд и социјална политика. Имено, некои знаат, а некои не знаат дека во нашево шумарство подолго време

VI/7.-

за извршување на некои шумски работи сеча, дотур и транспорт на дрвото се ангажира странска работна рака и механизација на овие работи низ нашиве шуми работат работници од Југославија Ги има многу. Колку, треба да каже нашиот министер. Чудно е но вистинито. Во времето кога во нашата држава има над 200 илјади невработени работници. Илјадници стечајни работници, илјадници корисници на социјална помош, да се вработуваат работници од странство. Не само тоа, туку во последно време, за превозот на дрвата од шумата до крајните корисници се ангажираат и транспортни возило од странство. Каравани со камиони од Краљево и другите делови на Југославија. Не е ли срамота нашите возила да лежат во гаражите, а шумарите да ангажираат возила за транспорт на дрва од соседна Југославија. Зошто? Заради економија или некоја друга непозната манипулација. Белким нека не биде манипулација.

Инаку, што се однесува до понудената алтернатива со шумите да стопанисуваат јавни претпријатија и алтернатива едно јавно претпријатие јас, го подржувам ова што е зацртано во законот да постојат повеќе јавни претпријатија инаку да се формира едно претпријатие ѓ што е уште еднаш во столицата на нашава држава да се формира една огромна администрација во шумарството и се од базата да доаѓа понатаму овде.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Прво би сакал да кажам дека го поддржувам предлогот за донесување на закон за шумите, од причина што состојбата со шумите е катастрофално лоша од две причини. Една што сечењето на шумите, односно експлоатацијата на шумите е крајно лоша, крајно недомакински се стопанисува со шумите и втората причина е од јакиот напад на болести и штетници на шумите. Од таа причина јас пред извесно време ви побарав Владата да изготви информација за состојбата на шумите од болести и штетници и во таа информација, а и сега може да се

VI/8.-

констатира дека состојбата со шумите е многу лоша. Македонија ако сака да има шумско богатство какво што го имаше пред 15-20 години и со добар туризам мора овој закон што побрзо да биде донесен.

VII/1.-СП/МЛ

**ИЛИЈА КАРОВ:** (ПРОДОЈ1ЖЕНИЕ)

Од тие причини предлагам овој закон да се донесе во две фази и што е можно побрзо. Мислам дека Предлогот на законот е добар, нуди добри решенија и барем до некаде ќе се стави крај на сегашниот хаос во шумите.

Понатаму, во членот 8 добро е што се одредува титуларот на сопственоста на шумите. До сега имаше приватни и општествени. Општествените беа скоро на секој, сега се предвидува шумите да бидат приватни и државни, во државна сопственост што значи државата си зема на себе одговорност да стави домаќински ред со стопанисувањето со шумите. Тоа е добро и го поддржувам.

Во членот 10 со државните шуми се предвидува да стопанисуваат јавни претпријатија и алтернатива да се формира едно јавно претпријатие. Јас поддржувам да се формираат повеќе јавни претпријатија во Република Македонија.

Во членот 11 е предвидено формирање на заводи за шуми. Тука ја гледам таа битна соработка помеѓу Заводот за шуми и овие јавни претпријатија. Од причини што овие заводи за шуми би биле научно - стручни институции кои би се ангажирале за програмирање, проектирање, развој, одржување на шумите, контрола и заштита од

болести и штетници. Што значи тоа? Во обврските за јавните претпријатија каде стои обезбедувањето на шумите се предвидени обврските и работните задачи кои следуваат и се наредени седум, јас предлагам да се додаде точка 8 - субјектите што стопанисуваат со субјектите да вршат и контрола на здравствената состојба на шумите од болести и штетници.

Како ја гледам оваа соработка помеѓу Заводот за шумите и јавните претпријатија? Во овој Завод за шуми би биле ангажирани стручни лица од сите области неопходни за шумарството. Почнувајќи од квалитетни

VII/2.-

заштитари, шумари кои би се ангажирале за проектирање, пошумување и развој на шумите и овие јавни претпријатија кои се на терен да имаат вработено високостручни кадри од сите области и задолжително по еден заштитар.

Ингеренциите и работата на овие јавни претпријатија и на Заводот за шуми да биде исклучиво да полагаат извештај за својата работа на Министерството за земјоделие. Таа координација би била редовна и податоците што би биле добивани, осознавани и проучувани од страна на јавните претпријатија на терен во шумите на некој начин би биле доставувани во Заводот за шуми, таму би се извршило планско планирање и во смисла на преземање на соодветни мерки на заштита на цели шуми. На пример, ако се појави во некој локалитет мала појава на инсекти, ако постоеше стручно лице во Кочани каде осоговијата нема никаква шума, останаа сосема без лисја, во тој случај стручњакот би дал информација за појавата на овие инсекти до Заводот, во Заводот би се планирало, би се следела состојбата на време и би се интервенирало с€ додека е на самиот почеток. Тоа би се однесувало и на ерозивните подрачја, заштита од ерозија, за пошумување и тн.

Таква соработка гледам и во идните закони кои треба да бидат донесени, бидејќи морам да кажам дека многу бавно се носат законите од областа на земјоделието. Би требало да се даде поинтензивен тек во донесувањето на овие закони како што се Законот за заштита на растенијата, Законот за трансформација на службите и центрите за унапредување на индивидуалното земјоделие што го има по општините и така на некој начин тие служби се трансформираат и добијат правилен тек и работа а не како сега трговски претпријатија, трговска дејност, туку напротив научно-стручна проблематика би се ангажирале и во смисла на ист начин би се координирала работата и за' заштита на земјоделското производство, бидејќи сега зборуваме за шумите, но набргу би требало

VII/3.-

да се донесе закон за заштита во поледелството.

Од тие причини предлагам законот да биде донесен во две фази, добро да се искоординираат работите и во втората фаза овој текст да биде пречистен, конкретен, без алтернативи и да му се даде поддршка да го донесеме во две фази.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? Господинот Илијевски.

**МИТКО ИЛИЈЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитувани претставници на Владата. Јас ќе бидам краток, бидејќи колегата Руфи Османи ми недостасува во Парламентот па никој не најавува кратки дискусии, еве јас ќе бидам краток со неколку збора да ви се обратам. Пред се, потекнувам од општина која располага со доста шуми и ова шумско богатство е богатство на нашата општина, на нашата држава. Потребата од овој закон сигурно ја чувствувавме доста како граѓани на оваа општина и во изминатиот период имавме многу неусогласени

работи и сигурно проблеми имаа шумските стопанства и граѓаните кои имаа шума во приватна сопственост. За ваше сознание можам да кажам дека голем дел од шумата во општина Берово е во приватна сопственост и во минатиот период имавме доста проблеми кај приватните луѓе кои имаа своја сопствена шума пред се со искористувањето на шумата, височината на таксата која беше спомната од господинот Вељо Тантаров, мислам дека голем дел од ова население кое има приватна шума опстојува и тоа е дел од приходите и мислам дека Министерството во наредниот период треба да заземе став оваа такса да не биде така гол^ма која такса ги оптоварува луѓето кои ја имаат оваа шума, тоа се претежно земјоделци, макар да сопственост имаат и други граѓани и

VII/4.-

таксата од користењето, фактички оваа такса самите граѓани која ја плаќаат сакаат да знаат и бараат многу пати објаснување од нас височината на оваа такса кои трошоци ги покрива и каде одат. Ное знаеме дека дел од таксата и одредените давачки кои се даваат дел останува на јавните претпријатија кои се бават со стопанисување, а дел оди во Министерството или во Буџетот на државата. Луѓето бараат појаснување дали оваа такса или овие давачки во вид на патарина и дневници се рационално и правилно искористени.

Не сакам да ги повторувам дискусиите на претходните дискутанти, дел со нив се согласувам дека треба да има повеќе јавни претпријатија кои ќе стопанисуваат со шумите во Македонија, исто така се согласувам дека заштитата на шумата не може да ја вршат приватните сопственици бидејќи за ваше сознание и јас сум сопственик на шума и од мое искуство ви гарантирам дека при појавата на било каква болест приватниот стопанственик не може да учествува во заштитата на шумите и затоа оваа заштита или би требало да биде под јавното претпријатие или на ниво на држава да биде оформено или дел во Министерството кое би се грижело за заштита на шумите од појава на штетници и појава

на сушење на стеблата на одредени видови на дрвја. Имам сознание и лично сум забележал дека во малешевијата се јавува исчезнување на одредени видови на дрвја пред се на белиот бор, а исто така и одредени видови на дрвја кои во последните години едноставно не стануваат од малешевијата а од кои причини ние како граѓани од оваа општина не знаеме и мислам дека Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство треба да изготви една ваква студија и да се пристапи кон отстранување на овие штетни последици.

Од претходните дискутанти имаше неколку дискусии со кои се согласувам, можеби со дел од нив не се согласувам, од господинот Тантаров имаше забелешка за вработување на странски лица во

VII/5.-

експлоатација на шумите, ви реков потекнувам од општина каде оваа дејност е доста застапена, Шумското стопанство во Берово има проблем со наоѓање на работна сила, јас мислам дека тешко ги наоѓа овие можеби се од странство, но тешко ги наоѓа и овие луѓе кои помагаат во искористување на ова богатство. Свесен сум дека во Македонија имаме голем број на стечајни работници, вработувањето ни е на многу ниско ниво, но никој во оваа дејност до сега не се нафатил од нашите граѓани да се одлучи да се бави со оваа дејност. Н езнам господинот Тантаров колку има познавање за тежината на оваа работа и мислам дека не е за замерка што овие шумски стопанства бараат и вработуваат граѓани од соседните републики. Реков дека кај нас е присутен проблемот и тешко нашиот граѓанин би се нафатил со оваа работа. Ако има такви луѓе јас мислам да се јават кај колегата Петар, да се јават во Берово никогаш директорите на овие организации нема да не ги примат на работа.

Со идејата на господинот Владимир Станковски со интервенирање на државата во опремување на селските домаќинства со електрични печки за мене тоа не е издржливо бидејќи покрај тежината на државата во финансирање на други работи ако се зафати и со решавање на овој

предлог што го кажа колегата Станковски мислам дека многу тешко би се реализирало и познавајќи го менталитетот на нашиот селанец мислам дека не доаѓа во предвид тоа спроведување и тежината и уништувањето на шумата не е од селаните кои живеат во тие предели, претежно ги уништуваме ние другите што не живееме таму и со овие современи средства што ги имаме, со овие пили другите се поголеми уништувачи на ова природно богатство отколку самите селани што живеат во овие предели.

Што се однесува до дискусијата на Тантаров со напасувањето на добитокот во овие шуми, јас мислам дека оваа регулатива не може никој да ја направи ниту шумските стопанства ниту чуварите на шумите

VII/6.-

добитокот никогаш не ја уништил нашата шума, можеби со посебен акт или во посебен член да се напомне дека во шуми кои се од посебен карактер или поседуваат некои видови на дрвја кои не се толку распространети во овие шуми едноставно да се забрани напасувањето на добитокот инаку во останатите предели можеме да имаме и двојно повеќе добиток во Македонија, а уште еднаш напоменувам дека потекнувам од еден крај кој има паралелно и сточарство и шумарство, во нашиот крај шумите одстојувале со години, а пред 5-10 години сме имале двојно повеќе добиток од моменталната ситуација во малешевијата. Мислам дека добитокот не е застрашувачки за шумите, туку човекот е тој што повеќе ги уништува и мислам дека не е потребно ова да влезе како посебен член дека треба да се регулира на посебни места каде има посебни дрвја може да се забрани.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Паракеов, министер за земјоделие.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Сметам дека со право се посвети вакво внимание од страна на парламентарците за оваа тема, затоа што шумите навистина се едно природно богатство кое апсолутно заслужува посебно внимание во сите сегменти, во сите делови во стопанисувањето и одржувањето на ова богатство.

Мислам дека Предлогот на овој текст нудат добри решенија, пред се во однос на регулирање на титуларот и обврските на сопствениците кои треба да ги извршуваат во однос на очувувањето и експлоатацијата на шумите.

До сега е констатирана огромна слабост која овде на некој начин е регулирана, а тоа е делот на изготвувањето на шумско - стопанските основи и нивното спроведување, односно кој треба да го следи тоа

VII/7.-

спроведување на шумско - стопанските основи.

Исто така Заводот кој во оваа смисла се предлага да биде формиран надминал една состојба која денеска прави мал неред во таа ситуација практично повеќе субјекти и тоа субјекти дури и физички лица кои се недоволно оспособени, остручени, не располагаат со потребната документација и знаење се јавуваат како изготвувачи на шумско - стопански основи и мислам дека со предлогот за формирање на Завод за шуми мислам дека на некој начин се става еден поголем ред во изготвувањето на основите и понатаму во практичната примена затоа што тие се однесуваат на еден релативно подолг период од 10 години каде за тој период можат од особено невнимание да се нанесат огромни штети на ова богатство.

Исто така во материјалот се поместени делови кои практично значат одвојување на основната дејност во шумарството и шумите и оние споредни дејности кои на некој начин имаат влијание во однос на активноста на еден субјект и со споредни дејности често пати шумата

била запоставувана и затоа овде во регулацијата на овој закон стои можноста да се издвојат споредните дејности, да се организираат на поинаков начин дали со законот за трансформација и приватизација на претпријатијата со општествен капитал или по основ на претпријатија кои стопанисуваат со земјоделско земјиште.

VIII/1.-CJ/OM

**НИКОЈТА ПАРАКЕОВ:** (Продолжение)

Јас мислам дека ние со особено внимание ќе ги разгледаме сите овие предлози, но сепак морам да кажам дека некој од нив ниту се предмет на оваа материја како што е тоа работната рака, дали странска или не странска, или напасувањето кое што практично шумите не се терени каде што може да се напасува, а особено тука треба да се има во предвид делот на младите шуми каде што едно вакво полиберално однесување може да има и катастрофални последици.

Прифаќаме предлозите овде што беа истакнати да одиме со скратена постапка односно во две фази, оваа и уште една фаза да одиме со предлог на закон, така што побрзо го донесеме законот и тој да стане закон за спроведување на праксата.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на законот за шумите.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на РМ.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието да се достави до Владата на РМ и до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

VIII/2

Кој е за предложениот заклучок , молам да крене рака?(62)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање?(Не)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **<u>точка 13</u>** - <u>Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Вишата земјоделска школа во Битола.</u>

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака? (62)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Вишата земјоделска школа во Битола.

Минуваме на **точка 14** - Предлог на одлука за именување членови на Посебната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Вишата земјоделска школа во Битола.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

VIII/3.-

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? ( 62)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување членови на Посебната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Вишата земјоделска школа во Битола.

Минуваме на **точка 6** - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Унгарската Влада за меѓународен превоз на патници и стоки во патниот сообраќај, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Унгарската Влада за меѓународен превоз на патници и стоки во патниот сообраќај.

Кој е за овој заклучок, молам да крене рака? (63)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

VIII/4.-

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (63)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (63)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Унгарската Влада за меѓународен превоз на патници и стоки во патниот сообраќај.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам Педесет и третата седница. на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши со работа во 17,20 часот).